*Д-р Томе Саздов*

# МАКЕДОНИЈА И ПОСЕБНО ПРИЛЕП, ВО ВРЕМЕТО НА МАРКО К. ЦЕПЕНКОВ

Времето во кое живееше Марко К. Цепенков, извршувајќи ја својата благородна дејност, несомнено е еден од најзначајните периоди од поблиската историја на Македонците. Тоа е втората половина на минатиот век во која се паѓа преродбенскиот период од егзистенцијата на македонскиот народ, кога започна созревањето на општествените снаги кои ја поведоа борбата за неговото национално осознавање и преродување. Изменувањето на социјално-економските услови во овој временски интервал беше непосредниот фактор и поттик на нашата преродба. А во сообразност со фактот дека тој период се совпаѓаше со низа напори и обиди за политичка слобода на нашиот народ, ова — во својата основа — општествено-културно движење имаше и национален карактер.

Својата кулминација македонската преродба ја доживеа кон 60-тите години на минатиот век, кога тој процес на национално осознавање на нашиот народ доби позабележлив карактер. Тогаш дојде до посилен израз преминот од натуралното кон стоковно — паричното стопанство кој општествено-економски процес беше прво основата на појавата на бројни духовни, културно-просветни движења, кои многу често кај нас се идентификуваат не само како главни, туку и како единствени белези на нашата преродба. Токму новите економски текови и односи беа главните фактори и побуди на културно-просветните процеси, со кои видливо и видно се карактеризира периодот на македонската преродба. Економските процеси беа оној **conditio sine qua non** за појавата на црковната и културно-просветната борба на нашиот народ, што доведе и до пресудните изрази на општествено-националната пробуда и самобитност.

Економскиот фактор на нашата преродба се содржи во преминот од натуралните кон стоковно-паричните односи во периодот на распаѓањето на феудалните односи во Турција и сè позабележливото навлегување на капиталистичкото производство и на нејзините територии. „До почетокот на XIX век во Турција владееше

предимно **натурално стопанство** — примитивна размена на предмети со предмети. Парите беа голема реткост и при тоа цената им беше мошне висока... Одвај кон 1823 година Турците го зголемуваат количество на своите монети — кога се воведува редовна војска и натуралното стопанство започна да се иместува сè повеќе од монетниот систем“[1].

Кон средината на XIX век настана економско раслојување на општествените пластови во доцнофеудална Турција, позабележливо беше применета општествената поделба на трудот на македонскиот терен, што доведе до пошироки интеграциони економски процеси, до создавањето на заеднички пазари, чија очебијна илустрација беа панаѓурите. Трговските дејности и занаетите беа главните видови на подемот на материјалната основа на македонскиот терен. Нивниот процут сопре кон 80-тите години на минатиот век, по навлегувањето на индустриската стока од Европа. И токму тој развој на материјалната база, највидливо пројавен преку трговијата и занаетчиството, беше основниот предуслов за раѓањето на преродбата кај македонскиот народ. Но, не само произменетите внатрешни општествено-економски промени во доцнофеудалната Турција — во чии граници се наоѓаше и Македонија — беа причина за појавата на новите интеграциони процеси што ја овозможија преродбата на нашиот народ; и некои од позначајните надворешно-политички настани во Европа влијаеја во извесна мерка за забрзувањето на изменувањето приликите во распадливата Отоманска Империја, а преку тоа и врз текот на пресудниот процес на национално самоосознавање на Македонците. Од тие надворешни фактори на нашата преродба треба да се споменат Кримската (1853—56) и Руско-турската војна (1877—78), ослободувањето на соседните народи (Србите, Грците и Бугарите) и појавата на туѓите пропаганди на македонскиот терен. Додека споменатите војни значително придонесоа да се разниша постоечкиот централизиран ран општествено-политички поредок на Отоманската Империја, а ослободувањето на соседните, особено словенските народи создаваше идентичен стремеж и кај Македонците, дотогаш појавата на туѓите политички пропаганди во Македонија, кои имаа асимилаторски претензии спрема нашиот народ, предизвика и значајна спротивна реакција кај Македонците: го потсилија нивното национално самочувство, па на тој начин — колку и да изгледа тоа парадоксално — го поттикнаа процесот на нивното национално осознавање!

Економското раслојување на општествените елементи на нашиот терен овозможи да дојдат до израз и приличен број богати и влијателни македонски трговци и други имотни луѓе, кои проја-

---

[1] Б. Пенев История на новата българска литература, София, 1933, том III, стр. 18-19.

вија благородни родољубиви иницијативи. Со својот капитал и влијание кај официјалните турски власти тие наши патриоти создаваа низа можности за културно-просветно издигање на својот народ, придонесувајќи така и за побрзото негово национално самоосознавување. Трговците и еснафите беа оние носители на црковната борба кон 60-тите години на минатиот век, која набрзо прерасна и во културно-просветно движење, кое имаше цел да се воведе словенскиот јазик — покрај во богослужбата — и во училиштата, како и да се печатат учебниците на својот јазик. Во прво време црковната борба се сведуваше на барањето грчките владици во поодделни места да бидат заменети со домашни. „Таа борба имаше и чисто економски побуди. Измачуван и ограбуван немилостиво од алчните владици и попови, народот го бараше нивното изгонување, а заедно со тоа и ослободување од сите тешкотии, кои ги носеше"[2]. Меѓутоа, подоцна таа борба доби поизјаснети форми: преку воведување на словенскиот јазик во богослужбата, таа се издигна до барање на своја црквена организација независна од Цариградската патријашија. Би додал уште дека отпрвин црковната борба на македонскиот народ одеше заедно под рака со таа на бугарскиот народ, кога за основна цел ја имаше акцијата против елинизаторските настојувања на грчкото духовенство; меѓутоа, подоцна кога црковната борба на Бугарите беше крунисана со успех (здобивање со своја самостојна црковна организација — Егзархија, во 1870 година), македонските поборници за автокефална црква беа принудени да го свртат оружјето и против перфидните асимилаторски аспирации и на бугарските егзархисти. Така, црковната борба на македонскиот народ се поведе на поширок фронт, па соодветно на тоа доби поопределено национално значење: тоа беше предвесник и своевидна претходница на општиот отпор против завладувачките намери и обиди од секоја страна.

Се разбира, црквната борба на нашиот народ откри и свои отпадоци во лицето на некои имотни трговци, па така најтешкиот товар падна на еснафите, кои со своето национално чувство се покажаа многу посилни и понеотстапливи од многумина значително побогати од нив претставници на трговскиот слој. Убава, необично жива илустрација за тоа дава токму Марковата **Автобиографија**: „Навистина, малцина ја зафативме црковната работа и от најсиромасите, ами големо чудо направивме со истеруањето грчкиот владика и освоуањето црквата и училиштата"[3].

Со своите многубројни дуќани, работилници и трговски потфати македонските еснафи претставува забележлива општествена јатка и фактор кој пресудно го потсили иместувањето на тур-

---

[2] Ж. Натан, Българското възраждание, София, 1950, стр. 105.

[3] М. Цепенков, Автобиографија, редакција: д-р К. Пенушлиски, „Македонски јазик", 1958, кн. 1-2, стр. 131

скиот, грчкиот и еврејскиот стопански елемент од предоминантните позиции во економскиот живот. Така нашите еснафи се оформија и развија во организациона стопанска сила, со видна општествена улога. Со текот на времето македонските еснафи се здобија со свои капитали, од кои се градеа цркви, училишта, патишта, чешми и слични комуникации, се поставува свештеници и учители. Тогаш еснафите станаа привлечна сила дури и за некои од најимотните чорбаџии. Овој еснафско-чорбаџиски елемент и ги овозможи првите појави на нескриен антагонизам спрема грцизмот во црквите и училиштата на македонскиот терен, што всушност, беше зародишот на претстојната црковна и училишна борба кај нас.

Едновремено со црковната се одвиваше и училишната борба. Всушност, настојувањата на нашиот народ во овие две насоки беа симбиозно поврзани: заедно со барањето свои владици-домородци и своја црквена организација, која ќе овозможи изведување на богослужбатата на словенски јазик, разбирлив за народот наместо на неразбирливиот грчки, се истакнуваше и барањето за настава по училиштата исто така на словенски, мајчин јазик. И организационо во ова време црковните и училишните дејности одеа заедно. Формираните црковно-училишни општини на нашиот терен во првата половина на минатиот век во поголемите населени места ги решаваа комплексно црковните и училишните работи. Училиштата обично се наоѓаа во простории што беа секогаш во составот на црковните (во дворот на црквата, или во негова непосредна близина). Несомнено, ваквата заедничка организација на црквата и училиштата имаше и своја традиција во претходното постоење на училиштата по манастирите. А добро позната е улогата на манастирите и нивните училишта за појавата и текот на преродбенскиот процес кај нас; тие беа еден од позабележливите фактори во тој однос.

Како резултат на настојувањата да се отворат што повеќе училишта на нашиот терен — кој стремеж беше поттикнат од прилично големото влијание на туѓите политички пропаганди во Македонија, кои особено се засилија по Берлинскиот конгрес (1878) — дојде до видливо зголемување на бројот на училиштата кај нас. Така, во учебната 1885/86 година во Македонија имаше 283 основни училишта, 22 прогимназии и една гимназија, со 358 учители, наставници и професори. По војните во 1876 и 1877—78 година и Берлинскиот конгрес се создадоа услови за уште позасилено надворешно-политичкс влијание меѓу Македонците: како една од периферните територии на Османската Империја, Македонија стана привлечна зона за своите соседи, кои засилено настојуваа да ги поместат своите граници кон неа. И Србија, и Бугарија, и Австро-унгарија посакаа преку Вардарската Долина да се пробијат до Солун, од каде ќе имаа отворен пат кон Медитеранот. Затоа своите политички интереси тие нужно ги камуфлираа со црковно-

просветната пропаганда. Особено силна беше бугарската пропаганда, а по неа српската и грчката. Грција, пак, настојуваше барем да ги неутрализира донекаде агресивните апетити на другите држави на нашиот терен, за понавреме да си го обезбеди својот територијален интегритет, па затоа и таа — преку својата Патријаршија во Цариград (како врховна раководителка на сето православно население во Османската Империја) — ја засили својата пропаганда во Македонија. Така, на македонската територија се вкрстија повеќе туѓи интереси, кои значително го деформираа преродбенскиот процес на националното осознавање на нашиот народ, расцепкувајќи ги неговите сили.

Во ваквите општествено-политички услови Македонија се најде во многу тешка положба: од една страна, макотрпно ропство под една бивша голема држава, која започна да се распаѓа, па затоа со деспотски средства настојуваше да се одржи, оневозможувајќи го секој обид на народите што беа во нејзина власт политички да се еманципираат, а од друга страна бројни туѓи асимилаторски претензии кон нејзината теритојија од штотуку ослободените соседни земји. Покрај сè тоа, беше на лице и непостоењето на една организирана национална сила во самата Македонија, која ќе беше во ова време кадарна да се спротивстави поуспешно на сите присвојни обиди однадвор и истовремено да го поведе народот по патот на борбата за национална слобода и независност. Таква организирана сила кај Македонците се појави значително подоцна. со формирањето на национал-револуционерното движење, предводено од ВМРО (1893).

Во ова време, пак, некаде кон 60-тите до 80-тите години на минатиот век на нашиот терен виореа туѓите политички пропаганди кои под маската на црковно-просветната борба ги дезорганизира потенцијалните македонски сили во нивниот стремеж кон национално сознавање и осамостојување. Македонските ученици беа „великодушно", бесплатно испраќани на школување во Белград, Софија, Виена, Атина, Букурешт и други места. Конкретна илустрација во овој однос беше основањето на специјалниот Одбор за училишта и учители во Стара Србија (1868), кој имаше задача да испраќа на македонскиот терен српски учители и учебници.[4] Истото се случуваше и со поистакнатите наши интелектуалци: и нив туѓите пропаганди со дополнителни образовни дејности ги превоспитуваа во саканиот дух. На самиот, пак, македонски терен, асимилаторски процеси на грчката, српската и бугарската пропаганда, се изведуваа уште побезочно и поупорно, се отвораа училишта со настава на односниот туѓ јазик, беа испраќани учители и учебници со јасна мисија и влијание, а не беше запо-

[4] Поопширно за ова види: д-р К. Џамбазовски, Културно-општествените врски на Македонија со Србија во текот на XIX век, Скопје, 1960, стр. 97—104.

ставено ни тогаш навистина моќното пропагандно средство — црквата. Цариградската Патријаршија и ново основаната бугарска Егзархија направија од православната македонска територија вистински свои интересни зони, но не остана без обиди во истата насока ниту француската католичка црква: појавувањето на унијатското движење во Македонија (1858—59) беше конкретен нивни индикатив.

Во таа општествено-политичка состојба многумина Македонци беа до голема степен асимилирани, „превоспитани" во туѓ национален дух, во резултат на што некои од нив се декларираа дека се од бугарска, српска, или грчка народност. Меѓутоа, сите овие обиди и настојувања на политичките пропаганди во Македонија не се одвиваа без отпор од страна на Македонците; напротив, тој отпор беше силен и не остана без резултат. Родољубивите наши трговци и занаетчии се покажаа многу активни во поглед на создавањето основни предуслови за започнување и одвивање на преродбенскиот процес. Тие беа предните борци на црковната борба, како и преводници на настојувањата да се отворат поголем број училишта на македонскиот терен во кои наставата ќе се изведува на мајчин, словенски јазик. Трговците и занаетчиите можеа да ја земат оваа благородна пресудна улога во свои раце, бидејќи на нашиот терен претходно беше извршен значаен миграционен процес; македонските градови — претходно со неповолен за Македонците етнички состав, во кој тие беа малцинство спрема Турците, Грците, Албанците, Евреите, Куцовласите, Ерменците и др. — кон 60-те години на минатиот век беа исполнети со македонско население кое, во резултат на општествено-економските промени во Османската Империја, масовно почна да го напушта селото и да бара посигурна живеачка во градовите. Тогаш македонските градови битно го изменија својот етнички состав: Македонците во нив станаа убедливо мнозинство, така што и асимилаторските обиди на некои од соседните народи, особено на Грците, станаа значително понемоќни. Селското население си ги донесуваше во градот и своите традиционални битова разбирања. Како прилично хомогена народносна маса, нашето селско население беше непробивно за елинистичките настојувања дури и во новите градски услови. Грчката црковно-просветна пропаганда, која имаше непосредно политички цели, видливо ослабна, отстапувајќи им место на бугарската и српската политичка пропаганда меѓу Македонците. „Јазикот, обичаите, недовербата спрема сè што е туѓо, ги штитеше овие луѓе од грчкото влијание. Силното словенско чувство, тесната меѓусебна збиеност ја правеше оваа маса недостапна за грчката пенетрација, која доаѓаше преку црквата и училиштето".[5] Така, од ваквата средина се појави новата генерација која набрзо ја поведе борбата против „туѓото идеј-

---

[5]) Д. Ташковски, Раѓањето на македонската нација, Скопје, 1966, стр. 31.

но туторство".[6] Некои од македонските трговци беа надалеку познати, бидејќи имаа свои претставништва во повеќе европски градови, како браќата Робеви — во Виена и Лајпциг, семејствата Весови, Шулеви, Фојницијалеви, Ризови и Коробарови — во Марсеј, Пешта, Виена, браќата Сидиќ, Хаџи Поповиќ и Хаџи Ристиќ — во Кнежевството Србија и др. Така, „напредокот на градското стопанство придонесол стопански да зајакне и словенското градско нселение, произлезено од доселеното селско население, а често засилено и од староседелци кај кои се зачувале словенските чувства, јазикот и обичаите".[7] Од овие градски слоеви сè почесто беше поставувано барањето за црквена богослужба и училишта на својот мајчин словенски јазик: „Во шеесеттите години на минатиот век словенското население во Македонија пристапило кон отворена борба против Цариградската Патријаршија и официјално барало, со молба потпишана од страна на родољубивите граѓани, во црквите да се воведе словенски јазик и за црковни старешини да се изберат луѓе од словенско потекло, а таму каде што нема училишта на народен јазик, таквите да се затворат".[8] Се разбира, цариградската Патријаршија не одговорила позитивно на ова барање, туку напротив со сите средства настојувала да ги ликвидира повидните водачи на нашиот народ, клеветајќи ги пред официјалната турска власт како државни бунтовници и туѓи агенти. Примерите со браќата Миладиновци, Јордан Хаџи-Константинов — Џинот, митрополитот Теодосија Гологанов, и други — кои беа жртви на перфидните интриги на туѓите пропаганди во Македонија — се уверлива илустрација за тоа.

Но, црквено-училишното движење меѓу Македонците зеде приличен замав, така што ниту ликвидирањето на повидните негови водачи не можеше веќе да го сопре. До 1869 година грчката богослужба беше отфрлена во Скопје, Велес, Прилеп, Битола, Охрид, Кукуш, и некои други наши мѐста.

Речиси, сите наши поголеми градови почнаа да се грижат и да земаат поголеми мерки за снабдување на училиштата со учебници на словенски јазик. Учебници на еден од словенските соседни јазици во Македонија најрано дојдоа од Кнежевството Србија, а подоцна — од 1860 година натаму — и од Бугарија, која во тоа време се наоѓаше исто така под турска власт. Како необично значаен снабдувач на нашите училишта со учебници на словенски јазик се појави познатиот собирач на македонски народни умотворби **Стефан И. Верковиќ** (1821—1893), за што сведочи и штипјанецот Арсениј Костенцев во своите „С п о м е н и".[9]) Видна улога во истата смисла одигра велешанецот **Јордан Хаџи Константинов**

[6]) I b i d.

[7]) Џ а м б а з о в с к и, цит. дело, стр. 10.

[8]) I b i d., стр. 66.

[9]) А. К о с т е н ц е в, Спомени, СбНУ, София, кн. VI, стр. 22.

— **Џинот**, еден од најистакнатите протагонисти на македонската преродба. Тој настојчиво барал од Српската влада учебници на српски јазик за манастирските училишта во селата Кожле и Кучевиште, за училиштето во манастирот „Св. Аранѓел“ кај Скопје, како и за училиштата во многу други места во Македонија.

Еден од поважните поттици на акцијата за позабележливо снабдување на македонските училишта со учебници на словенски јазик беше фактот што грчките училишта на нашиот терен беа на многу повисоко ниво од словенските; така се јави потребата словенските училишта во Македонија да се модернизираат за да можат да им конкурираат на грчките. Кузман Шапкарев мошне сликовито го опишува приемот на словенските учебници кај нас.[10]

Така, македонската преродба, која, генерализирано речено, започна како економско-социјално и културно-просветно движење, со текот на времето и со стекот на општествените-политичките прилики на нашиот терен прерасна во процес на несомнено **народносно доразвивање** — национално осознавање. Процесот на народносното осознавање на Македонците доби уште повисока форма кон крајот на минатиот век во лицето на националното револуционерно движење кај нас, организирано и предводено од ВМРО (1893), кое треба да се смета за највишен степен на нашата преродба.

Зашто, ако преродбата на еден народ претставува етикета на неговото национално осознавање и формирање, тогаш таа национална свест кај Македонците најнедвосмислено дојде до израз токму во нивното национал-револуционерно движење, чиј несвенат венец останува епопејното Илинденско востание (1903)! Борејќи се со оружје в рака за идеалот на својата слобода, македонскиот народ покажа дека процесот на неговото национално-политичко осознавање е дефинитивно завршен.

* * *

Сите овие општествено-политички, социјално-економски и културно-просветни прилики во Македонија консеквентно и илустративно се одразија и во развитокот на градот Прилеп, едно од позначајните трговски и културни средишта на нашиот терен. Наоѓајќи се во средината помеѓу Албанија, Босна и Херцеговина, Србија, Бугарија и Грција, Прилеп играше улога на мост на трговските односи помеѓу Запад и Блискиот Исток. Во оваа смисла Прилеп претставуваше значајно стовариште и пазар за трговските стоки од западноевропските и блиските источни земји. Во поли-

---

10) К. Шапкарев, Материяли за историята на възраждането на българщината в Македония от 1854—1884 година (ракопис, фотокопија во семинарот по југословенска книжевност на Филозофскиот факултет во Скопје).

тичко-административен поглед Прилеп, заедно со својата потесна околина, беше составен дел на тогашниот Битолски санџак, а црковно-духовно ѝ припаѓаше на Пелагониската епархија со седиште во Битола. Прилеп тогаш имаше околу две илјади куќи, со околу десет илјади жители.

Кон средината, а особено кон 60-тите години на минатиот век започна вистински процут на трговските и занаетчиските дејности во Прилеп; прилепските трговци можеа да се сретнат во многу земји и градови, како во Виена, Трст, Лајпциг, Минхен, Лион и Цариград, каде продаваа и набавуваа разновидни стоки од кои печалеа значителни средства. Прилепската чаршија во овој период имаше околу 240 дуќани, во кои трговијата се одвиваше на ангро. Но, зад забележливите трговски дејности ни малку не заостануваа занаетчиските: во Прилеп особено беа развиени казанџискиот, грнчарскиот и златарскиот занает (поопширно за ова види: К. Пенушлиски, Опис на еснафите во Прилеп од Марко Цепенков, Гласник на ИНИ, Скопје, 1964, год. VIII, бр. 2, стр. 207—239).

За високото ниво на трговијата и занаетите во Прилеп многу придонесувал традиционалниот годишен панаѓур, кој со извесни прекини се одржувал од XIV век сѐ до 1876 година.[11] Всушност, Прилепскиот панаѓур по Серскиот бил најголем во Македонија, односно во тогашна Турција и бил надалеку познат. Тој се одржувал секоја година во септември и траел цел месец. На овој панаѓур доаѓале трговци од различни места, како од Виена, Трст, Цариград, Тирана, Лајпциг, Минхен, Лион и др., донесувајќи најразновидни стоки во просечно количество од 7—9.000 бали, а во вредност од 20—30.000.000 гроша. Така, за одржаниот прилепски панаѓур во септември 1861 година, српскиот весник „Трговачке новине“, бр. 63 од 28. XI. 1861, пишуваше:

„Имаше ситничари на овој панаѓур околу 200, од Битола, Солун, Велес, и други поблиски и подалечни од Прилеп места. Целиот обрт на продажбата се пресметува на 18 милиони гроша. Продавано е за турски и австриски дукати. Положбата географска на Прилеп, времето кога панаѓурот се одржува, и другите згодни услови, даваат изгледи дека овој панаѓур со текот на времето ќе ги надмине сите панаѓури во Турција“. Прилепскиот панаѓур се одржуваше во две пространи дрвени згради, поставени од двете страни на чаршијата, однатре распределени на дуќани, исто така дрвени.

Во периодот на трговско-економскиот просперитет на Прилеп и неговата околина многумина селани се занимаваа и со кираџилак. Како што објаснува Н. Г. Еничерев, „житните производи ги надминуваа потребите на месното население, та се изнесуваа над-

---

[11] Поопширно за ова види: Д. Зографски, Прилепскиот панаѓур во минатото, Годишник на Правно-економскиот факултет во Скопје, 1955, т. II, стр. 95—133, и Љ. Лапе, Прилепскиот панаѓур атракција за посетителите, в. „Народен глас“, Прилеп, 16. VI. 1967, стр. 7.

вор по вода и по суво. Богатите мариовски гори, даваа изобилен дрвен материјал за правење сплавови, со кои по Црна и Вардар се изнесуваа повеќето производи за Солун, а оттаму за Европа. Во изградбата на железницата со кираџиски коњи сето тоа се донесуваше до станицата Венецијани — Градско".[12]

Благодетната економско-стопанска положба на Прилеп резултираше и во виден културно-просветен просперитет на градот и неговата околина. Всушност, Прилеп имаше и прилична традиција во поглед на духовните и просветните дејности. Така, во манастирот Трескавец уште во XVII век постоеше келијно училиште, како и во манастирот Слепче.[13] Во Варош, стариот дел на Прилеп, кон почетокот на XIX век постоеја поголем број келијни училишта, дел од нив приватни, какви што беа тие на свештеникот Јован Поп Димитров и свештеникот Ангеле Смичко.[14] Црквата „Благовештение" во Прилеп беше изградена во 1838 година, со обилна помош од побогатите влијателни негови граѓани, меѓу кои најистакнат беше Хаџи Христо Логотет, кој ја донесе „благата вест" од Цариград — дека прилепчани се здобиле со право од Портата да си изградат соборна црква (затоа црквата и го добила името „Благовештение"). Напоредо со акциите за соградувањето на оваа црква беше формирана прилепска црквена општина, чиј прв претседател беше заслужниот Хаџи Христо Логотет, кој на тоа почесно место се наоѓаше речиси сè до својата смрт. По него претседателската функција на прилепската црквена општина, составена од осум членови, истакнати прилепски граѓани, ја заземаше друга позната личност на прилепскиот културно-просветен живот — попот **Костадин Дингов,** учителот на Марко К. Цепенков.

Речиси набрзо со соборната црква „Благовештение" беше изградено и првото народно училиште во Прилеп (1843). Општината си постави задача да обезбеди за прилепското училиште само најпрочуени учители, со кој факт може да се објасни учителствувањето на **Димитрија Миладинов, Рајко Жинзифов, Григор Прличев, Кузман Шапкарев, Јордан Хаџи Константинов — Џинот, Натанаил Кучевишки, Наум Хаџов, Даме Груев, Пере Тошев, Јосиф Ковачев** и други наши видни интелектуалци во овој град. Сите овие истакнати општественици оставија видни траги во просветниот живот на Прилеп, значително придонесувајќи за израснувањето на овој град во едно од најзабележливите културни средишта во Македонија. Некои од нив, како Д. Миладинов и Ј. Х. Константинов — Џинот, беа необично популарни меѓу прилепското население; имено, познато е влијанието на Д. Миладинов врз училишното и

---

[12] Н. Г. Еничерев, Възпоминания и бележки, София, 1906, стр. 209.

[13] Д-р Ј. Х. Васиљевић, Просветне и политичке прилике у Јужним српским областима у XIX веку, Београд, 1928, стр. 118—119.

[14] Р. Кантарџиев, Школството во Македонија од крајот на XVIII до 70-тите години на XIX век, Скопје, 1965.

собирачкото дело од подрачјето на народните умотворби кај прилепчаните, а посебно врз запишувачката дејност на М. К. Цепенков[15]. А популарноста на Џинот меѓу прилепчаните беше толку голема што многумина од нив си ги крстија своите деца со негово име[16]. Колку граѓаните на Прилеп ја ценеле просветната дејност на Ј. Х. Константинов — Џинот и воопшто држеле до своите учители и народни водачи, најуверливо покажува писмото упатено од прилепчаните до везирот, по случај затворањето на Џинот, откако овој поради своите караници со битолскиот владика Венедикт беше наклеветен од него кај турската власт. Писмото, инаку, е мошне карактеристично за општествено-политичките прилики во Македонија од овој период:

„Светли везире,

. . . Со длабока горчина и со недоискажана жал доаѓаме да ја поднесеме понизно пред нозете на вашата светлост оваа прескрбна жалба. Жално ни е дека со неа ќе го наскрбиме вашето великодушно и милостиво срце со неопишаната горчина и скрб што го стигна нашиот град. Потопен во жал и безмерна скрб, мало и големо тажи за несреќата што нè снајде, т.е. за училиштето што ни се затвори и учителот без никаква законска причина сургун стори. Бедните наши дечиња плачат и очајни скитаат по патиштата. Жалат дека ќе останат неучени и во темнина! А кој може да ја опише нашата безмерна жалост и мака кога ги гледаме нашите чеда во таква положба?

Светли! Зависта, пакоста и злобата успеа овој пат до надвие над правдата, т.е. нашиот духовен пастир што не е од нашето племе и на кому никако јазикот не му го познаваме, со жал повторуваме, наместо да ни го поткрепи училиштето и да нè поведе по правиот пат, напротив тој стана првиот причинител за нашата народна жалост. Училиштето ни се затвори, учителот ни се испади, децата ни се скитаат по патиштата очајни, а целиот наш град потона во безмерна жал!!!

Прилеп, февруари 1860 год“[17])

Ова желба на прилепчани — Џинот да се врати за учител во нивниот град — не беше реализирана: откако извесно време беше задржан во битолскиот затвор, тој беше протеран од Прилеп во Велес, а отттаму во Ајдин, Мала Азија.

Кон 60-тите години на минатиот век Прилеп се здоби со уште некои елементи на својот културен и просветен живот, од кои женското училиште и читалиштето „Надежда“ беа највидните. Откако ја согледаа потребата и женските деца да се школуваат, при-

---

15) М. Цепенков, цит. дело, стр. 127.

16) Х. Шалдев, град Прилеп в българското възраждане, София, 1916, стр. 25.

17) Цитирано според Љ. Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел, Скопје, 1966, стр. 62—63.

лепчаните отворија во 1865 година соодветно училиште, ангажирајќи ја учителката Недела Петкова. По двегодишна наставна работа со женската младина на Прилеп, оваа учителка го напуштила градот, бидејќи патријархалните прилепски граѓани го оцениja нејзиното однесување како мошне слободно (пушела цигари, слободно разговарала со мажите и сл.). Нејзиното заминување беше причина прилепското женско училиште да не работи цели три години, но во 1870 година повторно беше отворено, со ангажирањето на нова учителка — велешанката Сава Палашева, која учителствуваше подолго време во овој град.

Читалиштето „Надежда", пак, беше основано пролетта во 1867 година. Просторно тоа се наоѓаше во една од најголемите соби во училиштето. Откако со доброволни парични прилози беше создаден неопходниот книжен фонд, тоа ја започна својата значајна дејност меѓу прилепското население. Со неговата работа раководеше избрана управа, а влезот беше слободен за секого. За да може да ја извршува успешно културно-просветната мисија, прилепското читалиште „Надежда" донесе и свој статут во кој беа прецизирани правата и должностите на неговите членови. Покрај книги, читалиштето редовно добиваше турски, грчки и бугарски весници кои беа читани од прилепските интелектуалци со голема живост. Особено посетувано беше читалиштето во неделните и празничните денови, кога прилепчани беа пoслободни од своите секојдневни работни обврски.

Несомнено, основувањето на читалиштето „Надежда" во Прилеп беше резултат и на асимилаторските настојувања на бугарската политичка пропаганда, која токму во тој период земаше сè повеќе замав во Македонија; покрај сè почестите доаѓања на бугарски учители на нашиот терен, бугарската пропагандистичка дејност се изведуваше и преку формирањето на народни читалишта во македонските градови, опремени претежно со бугарски книжен фонд. Нивната целенасочена пропагандистичка дејност не беше ниту незабележлива, ниту случајна. Примерот со прилепското читалиште мошне илустративно го потврдува тоа. Фактот што до основувањето на читалиштето „Надежда"" дојде непосредно по пристигањето на бугарскиот учител Никола Ганчев Еничерев во овој град и што токму тој ја заседе функцијата на негов претседател, прилично недвосмислено го потврдува тоа мислење. Меѓутоа, несомнен е и фактот дека формирањето на читалиштето „Надежда" во Прилеп беше и резултат на развиената интелектуално-просветна атмосфера во овој град. „Кога дојдов во Прилеп, затекнав таму еден кружок, една дружина грамотни младежи, кои ја сочинуваа прилепската интелегенција... Прилепчани од крај време имаат голема склоност кон умствените дејности. Не верувам во она време другаде да имало толку грамотни луѓе колку во Прилепската општина и толку читачка публика колку таму. Постоја-

ното читање и препирки им донесуваа доста знаење и им помагаа во самостојниот развиток. Во таа дружина влегуваа повеќе младежи од еснафите и средна рака трговци, како браќата Бијолчеви (Димо, Ничо и Коста), браќата Кусеви, Васил Крапчев, Марко К. Цепенков, Адамче, Зуграф, Коне Чешлар, Здраве Дрнивраг, Ицо Усталиев, Ило Здравев, Кусев, Д. Ил. Бијолче и М. К. Цепенков беа добиле надмоќ, првенство во таа дружина".[18])

Слично се искажува и самиот М. К. Цепенков во својата **Автобиографија**; споменувајќи го Методија Кусев, подоцна старозагорски владика, како главна личност во интелектуалните кругови на Прилеп во тоа време, М. К. Цепенков ги дава имињата и на другите поистакнати прилепски општественици: „Баш во тоа време кога напредуваф, се почна у нас црковната работа и училишната, да се делиме со гркоманите (Власите) . . . Во тоа време беа и учителите: Н. Чаиче и друзи рошкаџии (побудители народни). Најпрвите беа: Ицо Прцан, Коне Чешлар, Адамче Зуграф, Ноче казанџија, Биолче и друзи неколцина"[19]. Марко се споменува и себеси како како припадник на тој круг: „Во сите работи што се чинеа за терањето на владиката и друго ме имаше и мене. Севда голема ме беше ватила, мерак дури беф сторен, за како от како да се видиме избавени от гркоманите што беа нè зауздале со грчки узди"[20].

Станувајќи вистинска јавна трибина на прилепското граѓанство, читалиштето „Надежда" имаше и видна, речиси, водечка улога во црковната борба на населението од овој наш град. Иако поаѓаше од позициите на бугарската политичка пропаганда во Македонија, која во Прилеп се спроведуваше најмногу преку ова читалиште, тоа имаше огромна улога во подигањето на интелектуалното ниво на многумина прилепски граѓани. Пробугарски ориентираниот Методија Кусев беше главната фигура на читалишното раководство. А под забележливо негово влијание се наоѓаше и М. К. Цепенков, кој во лицето на учениот М. Кусев интимно гледаше своевиден ментор за сопственото културно-просветно издигање.

Меѓутоа, дека кај прилепското население имаше нескриени отпори против пробугарската дејност на читалиштето „Надежда" документира и самиот Н. Г. Еничерев во своите „Спомени од моето учителство в Прилеп", во делот „Борбата против читалиштето и општината" (стр. 61-62), при што особено карактеристични се следните редови: „Не знам зошто, но месните македонски учители не гледаа со добро око на тие прилепски собранија (се мисли на

[18] Н. Г. Еничерев, Спомени от моето училиште в Прилеп, СБНУ, 1904, XX, стр. 25.

[19] М. Цепенков, цит. дело, стр 130.

[20] Ibid, стр. 131.

оние што беа одржувани во рамките на читалиштето „Надежда" —б. м.) и ниту еден од нив не само што не зеде живо учество во нив, туку барем да присуствуваше"[21].

Инаку, на дејноста на прилепското читалиште, и покрај нејзините несомнени политичко-пропагандистички аспекти, треба да се гледа како на значаен културно-просветен фактор во овој град. На свој начин, и за извесен период, читалиштето „Надежда" беше подвижник на културниот развиток во Прилеп. Така, на пример, посебно значајна компонента на дејноста на читалиштето беше неделното училиште за возрасни. Според еден член на својот статут, читалиштето организираше неделно училиште за возрасните во Прилеп, кои имаа потреба од подучување во читањето, пишувањето, сметањето, практичното изучување на географијата и сл. Ова училиште работеше во недела попладне, по два часа. Со својата работа ова училиште мошне конкретно ги помогна многумина повозрасни прилепски граѓани, кои од низа причини не успеале претходно да се здобијат со потребното образование. Според зборовите на Н. Г. Еничерев, „во продолжение на еден период од 1865-78 година град Прилеп, или подобро речено прилепско училиште, произведе цела редица прочуени и родољубиви трговци, банкари, учители, печатари, чиновници и слично. Градовите Битола, Солун, Софија, Ќустендил, Плевен, Враца, Т. Пазарџик, Ст. Загора, Силистра и многу други во Македонија, Тракија, Бугарија, Србија, Романија, па дури и во Абисинија го познаваат иницијативниот и решителен прилепчанец"[22].

Плодотворното дејство, пак на прилепскиот панаѓур и врз културно-просветниот просперитет на прилепските граѓани беше исто така несомнено; овој значаен економско-трговски собир, по Серскиот панаѓур најголем во тогашна Турција, живнувајќи го Прилеп и неговата околина, беше место на бројни контакти и од подрачјето на културата. Така, на пример Петар Шапкаров, кој, како трговец, редовно земал учество на прилепскиот панаѓур, ги продаваше — покрај својата кожарска стока — и книгите на брата си Кузмана, за кои Н. Г. Еничерев констатира дека „не беа ништо друго освен книги од истите книжарници, посолени со некои зборови и окончанија од македонското наречие"[23]. Чест и скоро редовен беше случајот да се ангажираат учители за градот и за неговата потесна околина токму за време на одржувањето на панаѓурот: „Сите тие работи трговците ги вршеле најмногу на панаѓурите, подоцна, меѓусебно се информирале и за другите народни работи, па и за учителите"[21].

---

[21] Н. Г. Еничерев, Спомени..., стр. 45.

[22] Ibid, стр. 21.

[29] Н. Г. Еничерев, Възпоминания и белешки, София, 1906, стр 83

[24] д-р Ј. Х. Васиљевић, цит дело, стр, 15.

Црковно-училишната борба во Прилеп се водеше помеѓу неговото македонско население и Власите, кои беа спроводници на елинизмот во овој град. Власите во Прилеп особено надојдоа кон крајот на XVIII век, кога нивниот главен центар Москополе беше изгорен до темел од Албанците. Таа драматична и беспоштедна борба на прилепското граѓанство против грцизмот, започна во летото на 1867 година, кога прилепчаните категорично изјавија дека во наредната 1867/68 учебна година нема да го плаќаат учителот по грчки јазик. Тоа предизвика жестоко спротивставување на влашките чорбаџии, па меѓусебната борба на прилепската интелигенција, од една страна, и влашките чорбаџии, од друга беше неизбежна.

Н. Г. Еничерев мошне живо и непосредно го опишува решавачкиот момент на прилепската црквено-училишна борба против грцизмот:

„Изутрината Венедикт во асистенција на 5-6 од месните попови и двајца ѓакони служеше торжествена литургија. Службата ја извршуваше на грчки и словенски, исто така и псалмите ги мешаа. Тој ден црквата беше исполнета со вонредно множество народ, кого што не можеа да го соберат ни црквените тремови, та мнозина стоеја околу црквените прозорци и постојано си пошушнуваа. Секој претставуваше дека денес во црквата ќе се изврши нешто чудно, нешто што не било досега. Дојде време да се чита Апостолот, а по него Евангелието. Во Прилеп Апостолот и Евангелието секогаш се читаа на словенски, само кога ќе дојдеше владиката Евангелието се читаше прво на грчки, а потоа на словенски. Така и сега, владичкиот ѓакон се искачи со грчкото Евангелие на амвонот, а бугарскиот ѓакон застана на владичкиот престол. Кога грчкиот ѓакон почна да чита, владееше гробна тишина, но уште не беше прочитал три реда, се чу гласот на Коста Карата, кој високо извикна: „нејќиме!“ Веднаш црквата се растрепери од едно громогласното и продолжително викање „нејќиме“, кое излегуваше од грлата на повеќе од 2.000 души. Откако народот се посмири, владиката застана на царските двери и му заповеда на ѓаконот: „читај“, но викот се повтори и по третпат уште повеќе и престана дури кога владиката му даде знак на ѓаконот да слегне, а Евангелието се прочита само на словенски. По Евангелието, х. Попо (хаџи поп Костадин Дингов — б. м.) се искачи на амвонот и почна да го чита патријаршиското послание, но уште не беше го дочитал насловот „Григориј, архиепископот цариградски, новаго Рима, вселенскиј патријарах. . .“ црквата се оглуши од народниот вик: „Нејќиме! Нејќиме! Молчи! Нејќиме! . . .“

По неколку дена Венедикт си замина за Битола и Патријашијата, за да го казни што не успеал да ја наложи нејзи-

ната волја над Бугарите во Прилеп, го понижи со тоа што го испрати за владика во Ферската епархија. Од тој ден (25 февруари 1868 година), Прилеп се ослободи наполно од грчкиот владика, од грчката Патријаршија и ги истисна сосема Власите од црквата и училиштето"[25].

Така беше добиена борбата за своја црква на прилепчани. Оваа значјна победа го овозможи и добивањето на првата независна прилепска општина од Цариградската патријаршија составена од дванаесет претставници на прилепските еснафи. Тој состав заседаваше двапати неделно за решавањето на сите поважни општествени работи. Иако официјалната турска управа не ја признаваше формално оваа општина, многу од актуелните градски и семејни проблеми (бракоразводни спорови, делба на имот и сл.) ги доверуваше на претходно разгледување токму на Општината[26].

Меѓутоа, заедно со настапувањето на периодот на вистински културно-просветен просперитет на Прилеп, набрзо се појавија и позабележливите пробиви на бугарската егзархиска пропаганда и во овој град, па борбата за своја независна црква на прилепското граѓанство неизбежно мораше да се продолжи, овој пат против друг противник. Во оваа смисла, токму Прилеп беше место на необично значајни обиди. Имено, може да се констатира дека Прилеп заседе место меѓу челните во движењата против бугарската верско-политичка пропаганда. Сосема противно од периодот 1867-1869 година, кога пробугарски ориентираните интелектуалци, на чело со М. Кусев, направија од Прилеп сигурно упориште на бугарштината, сега — во 1887 година — масовно беше покажан отпор против великобугарскиот притисок. По овој повод, српскиот конзул во Битола, Боди, пишуваше:

„Во Прилеп постои силна незадоволничка струја, која брои околу 1.200 куќи, чиј главен водач е попот Спасе Игуманов. Тука Луѓето се отцепија од Егзархијата. Бидејќи ни грчката Патријаршија не позволуваше словенско пеење во црквите, сакаа да образуваат автокефална црква. Во барањето на заштита, тие се опираа врз унијатите како европски гаранти пред турските власти. Еден параклис на таа црква отвори во Прилеп таа незадоволувачка партија, но турската власт го затвори и ги симна кандилата, на доставка од бугарската страна, како божем таа партија е бунтовничка"[27].

Драматична е историјата на овој потфат на прилепчаните да се здобијат со своја автокефална црква. Предводени од родољу-

---

[25] Н. Г. Еничерев, Спомени..., стр. 49-50.

[26]) За работата на прилепската Општина види: Протоколи од заседанијата на прилепската општина (1872—1886), Подбор, редакција и коментар Љубен Лапе, Скопје, 1956.

[27]) Цитирано според Д. Ташковски, Раѓањето на македонската нација, Скопје, 1966, стр. 254.

бивиот и мошне иницијативен поп **Спасе Игуменов**, тие се спротивставија на денационализаторските обиди на егзархиската прилепска општина; попот С. Игуменов го извести Егзархот во Цариград дека му ја откажува послушноста прогласувајќи се за самостоен свештеник. Во одговор на тоа, Егзархот не само што набрзо го премести овој свештеник од Прилеп, при што попот С. Игуменов беше обвинет дека божем проневерил пари на црквата, туку успеа и да му обезбеди затворска келија во Битола. Во таа положба упорниот поп С. Игуменов им се обрати за помош на солунските лазаристи, со чија помош беше пуштен од затвор. По излегувањето од битолскиот затвор, попот С. Игуменов уште пожестоко ја продолжи борбата против бугарштината. Тој се поврза со двајца српски агенти во Прилеп, во резултат на што тој отпатува (со едниот од нив) во Цариград и стапи во врска со грчкиот патријарх барајќи од него во Прилеп да се формира одделна самостојна македонска православна општина, под протекторот на Цариградската патријаршија. Патријархот, речиси, го прифати предлогот на попот С. Игуменов, но до недосогласувања дојде околу името на црковната општина во Прилеп. Патријархот бараше таа да го носи името **Православна прилепска општина**, а попот С. Игуменов инсистираше во името на општината да се најде место и за зборот **македонска**. Кога не успеа да го реализира своето барање спрема патријархот, попот С. Игуменов му се обрати за истата цел и на папскиот нунција, зашто без одредена црквено-административна припадност кон една од признаените цркви македонската црквена општина во Прилеп не ќе можеше да се одржи. Папскиот нунција се согласи со предлогот на попот С. Игуменов прилепската црковна општина да носи македонско име, но не го усвои барањето за автокефален статус на таа општина, кое исто така му го постави нашиот родољубив свештеник.

Инаку, видни заслуги попот С. Игуменов имаше и во отворањето на македонски училишта на прилепскиот терен, во кои се користеа постоечките учебници на македонски јазик, печатени од страна на српската Влада“[28].

Кон половината на 80-тите година на минатиот век Прилеп почна да ја губи својата економска моќ, настапи и забележливо опаѓање и на многубројните занаети. Причини за економско-стопанското опаѓање имаше повеќе: бројните војни, наголемените даноци и разбојништва значително придонеле за ослабувањето на стопанска моќ на Прилеп; со ослободувањето пак, на Бугарија, Македонија преку ноќ стана периферна област на Османската Империја, што многу негативно се одрази на трговските врски на прилепчаните со многу други места, а особено со странство. Колку забележливи беа промените во економско-стопанскиот живот на Прилеп може да се заклучи, меѓу другото, и од мошне емо-

28) Д. Ташковски, цит. дело, 257.

тивниот но прилично објективен опис на Н. Г Еничерев за положбата на градот по 1884 година:

„Јас останав поразен и крајно разочаран кога гледав како сè се беше изменило за толку малку време! Наместо богатиот и весел некогашен Прилеп таму сè беше се омрлушило, сите беа замислени, мрачни и гледаа надолу; сè беше тргнало кон сосипување, кон пропаст, особено селаните беа доведени до просјачки стап. По куќите им се меткаа само неколку партали за завиткување, лицата им поцрнеле, суви и темни, зашто немотијата ги принудуваше да се хранат повеќемина со сув и неубав леб. За време на празниците, освен посен грав и прас, друга гозба ретко знаеја. Месо, кокошки, јајца, млеко беа станале голема реткост и се употребуваа само за раскош во празничните денови. Причината за тоа беше што немаше останато добиток кој ќе произведува, а и колку што беше останал и тој подлежеше на скорешно оттуѓување, заради неплаќање на тешките царски даноци и да се сочува нешто од вечерните неканети гости: полјаците, разбојниците, ајманите и спахите. **Поминокот** мачен и слаб, алашверишот престанал, земјоделството опаднало, зашто селаните од големите злоупотреби едни беа убиени, а оние што останале живи ги напуштаа селата и земјата и брзаа да се преселат по градовите или да избегаат зад границата. Така, Прилепското Поле, некогаш толку богато и толку многу населено, денес е обрнато во пустиња, лишено од своите производни сили“[29].

Се разбира, лошата економско-стопанска положба на Прилеп набрзо се одрази многу негативно и врз неговиот културно-просветен живот. И на тоа подрачје настапи видливо опаѓање. Иако прилепчани и натаму настојуваа да продолжат со создавањето услови за културно-просветен просперитет на својот град — при што постигнаа и временни, парцијални успеси, какви што преставуваа отворањето на богословија во 1884 година (која по една година беше затворен), покачувањето на степенот на гимназијата со отворањето на IV клас во учебната 1886/87 година (кој по една година беше затворен поради недостиг на наставен кадар[30], и основањето на женска гимназија (со пансион) во 1889 година, по иницијативата на **Царева Миладинова**, ќерката на Димитрија Миладинов[31], — ослабувањето на еснафите, тие движечки сили на општествениот живот во Прилеп, беше пресудно: тие веќе не беа во можност да ја одржуваат својата водечка улога меѓу прилепското население и да го организираат за секакви ини-

---

[29] Н. Г. Еничерев, Спомени..., стр. 71

[30]) Х. Шалдев, Град Прилеп за своите училища, „Македонски преглед“, София, 1924, год. I, кн. II, стр. 46.

[31]) А. Василиев, Трем на българското възраждане, София, 1936, стр. 98.

цијативи. За тоа сведочат и зборовите на д-р Јован Хаџи Васиљевиќ дека „еснфаите, денес, во Прилеп, воопшто се мошне слаби и незнатни“ и дека „го загубиле своето силно дејство во народните работи, кое во народната борба против грцизмот и Патријашијата онака силно го посведочија“[32].

Во овој период — некаде кон 1886 година се појави и српската политичка пропаганда во Македонија, која се почувствува и во Прилеп, па, меѓусебните неслоги на некои делови од прилепското население, беа неизбежни, што уште повеќе ја влоши неповолната општествена атмосфера во градот. Многумина, како на пример М. Кусев, М. Цепенков, го напуштија Прилеп. Иако Марко К. Цепенков самиот вели во својата **Автобиографија** дека го напуштил Прилеп и отишол во Софија за да го реализира својот долгогодишен сон — да ги напечати своите собрани фолклорни материјали[33], склон сум да верувам дека и неповолната културно-општествена положба на Прилеп во тој период беше исто така причина што го побуди, или барем придонесе, Марко К. Цепенков да го напушти својот роден град Фактот што тој и по напечатувањето на неговите фолклорни материјали не се врати во Прилеп, туку остана да живее во тугина сѐ до својата смрт — сметам дека зборува во прилог на таквата претположба.

*D-r Tome Sazdov*

## MAECEDONIA AND, PARTICULARLY, PRILEP DURING THE TIME OF MARKO K. CEPENKOV

### Summary

This text is an extract form the doctorate of the author **Marko K. Cepenkov as a collector of the macedonian folklore.** We can find in on a adequate vay the socio-political cocio- economic and educationa and cultural circumstances in Macedonina, specially in Prilep during the period form the 40 years to the end of the last century. The point of the author is to show the more important living conditions during the life of the known collector of Macedonian folklore, Marko K. Cepenkov from Prilep (1829-1920). As M. Cepenkov lived and worked during the appearance and development of the Macedo-

---

32) Д-р Ј. Х. Васиљевић, Прилеп и његова околина, Београд 1902, стр. 38—39.

33) М. Цепенков, цит. дело, стр. 138,

nin national renaissance the author speakš about his share in the church and educational fight of the Macedonian people for their church and schools. M. K. Cepenkov appears as one of the more important leaders of this process on the terrain of Macedonia, specially in Prilep- — important punct of the developing stream of this national renaissance fight.